## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ИНДУСТРИСКИ МЕНАЏМЕНТ“ ОД ДОЦ. Д-Р МИШКО ЏИДРОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип со 2202-73/7 од 8.5.2017 година, избрана е рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Радмил Поленаковиќ – редовен професор на Машински факултет – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и
- проф. Д-р Славчо Цветков – вонреден професор на Машински факултет – Виница при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

со задача да изготви и достави писмен извештај (рецензија) на ракописот „ПРАКТИКУМ ПО ИНДУСТРИСКИ МЕНАЏМЕНТ“ од доц. д-р Мишко Џидров од Машински факултет.

Комисијата во горенаведениот состав направи детална анализа и преглед на ракописот и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Доставениот ракопис содржи поглавја коишто во целост кореспондираат со Наставниот план и програма на Машинскиот факултет и се изучуваат по предметот Индустриски менаџмент. Предметот за којшто е наменет практикумот е дел од првиот циклус на студии и се слуша во втора година, во трети семестар на студиските програми: Транспорт, организација и логистика и Производно машинство, на три и четири годишните студии. Неделен фонд на часови е 2+1+1. Практикумот е приспособен според наставната програма, а исто така може да ги задоволи и потребите на сите студенти кои имаат потреба од подетални знаења од областа на менаџментот. Ракописот кој е доставен претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да видат реални примери за предметната материја, но ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Практикумот содржи повеќе делови соодветни на скриптата „Индустриски менаџмент“ и е напишана на А4 формат, со ред во фонт Ariel, со големина на буквите 12, со македонска поддршка. Текстот содржи примери со кои се прикажани основните на индустриското менаџирање во реалниот бизнис свет. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од „Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност“ на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Јазикот на кој е напишана практикумот е јасен и разбирлив со прецизни термини.

Во овој ракопис се прикажани најважните теоретски делови од секое глава поврзана со скриптата „Индустриски менаџмент“. Теоретскиот дел е поврзан со барањата за дискусија по определена тема којашто е опфатена со промерите. Целиот материјал е развиен според четирите менаџерски функции при што за секоја функција е посветен соодветен дел со соодветни примери. Пред секој пример се постаени неколку прашања за дискусија која е поврзана со теоретскиот дел, а целат кон полесно разбирање на теоријата преку поттикнување на дискусија. Примери и прашања за дискусија се претставени за улогите и вештините што се потребни за менаџирање во индустријата, средината во која функционираат компаниите и нејзиното влијае, организациската култура и внатрешната средина, планирањето и дефинирањето на целите на организацијата, донесувањето на одлуки, организацискиот дизајн, комуникацијата, мотивацијата и лидерството и контролата.

Материјалот е поврзан со соодветната скрипта „Индустриски менаџмент“ која ќе се користи за истиот предмет, а во кој е преставена теоријата потребна за изучување на овој предмет.

Авторот на едноставен начин и со јасен стил на ракописот сублимирано ја претставува материјата кој се изучува во научна дисциплина. Комплексниот пристап кон содржините, од една страна, и намерата да се прикаже и потенцира практичното значење на овие сознанија, од друга страна, само го потврдува темелниот пристап во подготовката на практикумот.

Претставените примери се од литература од еминентни автори од повеќе држави во светот, а се одбрани според потребите за разбирање на теоретскиот дел од оваа област.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

**З А К Л У Ч О К**

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис за практикум по предметот Индустриски менаџмент е сосема во согласност со студиската програма и наставниот план на Машинскиот факултет. Практикумот од педагошки и научен аспект е на потребното ниво, соодветно за студентите на прв циклус студии. Материјалот е квалитетно обработен и систематизиран. Ракописот е напишан на јасно разбирлив стил и на ниво достапно и разбирливо за студентите.

Поаѓајќи од наведените констатации и оцени за квалитетот на трудот, со особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип **да го прифати трудот „Практикум по индустриски менаџмент“** од авторот **доц. д-р Мишко Џидров како рецензиран практикум по истоимениот предмет.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Славчо Цветков, с.р.**